10-3402/2025

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut

# СОВЕТ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ И НАДЗОР НАД СМЕТКОВОДСТВЕНАТА ПРОФЕСИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# KËSHILLI PËR AVANCIMIN DHE MBIKËQYRJEN E PROFESIONIT TË KONTABILITETIT TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

**Бр. / Nr. 03-30/3**

**Датум / Data 23.01.2026 год. / vit**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANADALIM TË KORRUPSIONIT
СКОПЈЕ - SHKUP

Примено: / Pranuar: 23-01-2026

| Орг. Единица Nj. Organizative | Број Numri | Прилог Shtojcë | Вредност Vlera |
|---|---|---|---|
| 10 | 5 | 8 | |

**ДО ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Плоштад "Пресвета Богородица" бр. 3**
**1000 Скопје – Центар**
**Република Северна Македонија**
**- За Адем Чучуљ, претседател**

**Предмет: Достава на Политика за интегритет**

**Врска: Н/П**

Почитувани,

Во прилог на овој допис Советот за унапредување и надзор над сметководствената професија на Република Северна Македонија Ви ја доставува неговата Политика за интегритет и Одлуката за нејзино усвојување.

Со почит,

**Претседател на Советот**
**м-р Дарко Дачевски**

**Прилог:**
**- Политика за интегритет на Советот за унапредување и надзор над метководствената професија на Република Северна Македонија, во оригинал; и**
**- Одлука за усвојување на Политиката за интегритет на Советот за унапредување и надзор над сметководствената професија на Република Северна Македонија, во оригинал.**

Тргнувајќи од заложбите на државните органи и институции од јавниот сектор во Република Северна Македонија за обезбедување на почитувањето на уставноста, законитоста, професионалниот интегритет, транспарентноста и заштитата на човековите слободи и права, Советот за унапредување и надзор над сметководствената професија на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Советот) на својата 1-ва седница одржана на 23.01.2026 година, врз основа на член 5 став 1 точка 12 и член 10 од Законот за вршење на сметководствени работи ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 173/22 и 47/25) усвои

# ПОЛИТИКА ЗА ИНТЕГРИТЕТ

на Советот за унапредување и надзор над сметководствената професија на Република Северна Македонија

## I. Основни поими, мисија и цели на политикта за интегритет

Под службено лице се подразбира секое лице коешто е вршител на јавна функција во јавниот сектор на Република Северна Македонија, односно секое лице коешто е вработено во јавниот сектор на Република Северна Македонија.

Под интегритет се подразбира законито, независно, непристрасно, етичко, одговорно и транспарентно вршење на работи со кои службените лица го чуваат својот углед и угледот на институцијата во која се одговорно лице, односно се вработени, ги елиминираат ризиците и ги отстрануваат сомневањата во можноста од настанување и развој на корупција и со тоа обезбедуваат доверба на граѓаните во вршењето на јавните функции и во работата на јавните институции.

Засилувањето и подигнувањето на интегритетот е заедничка мисија и одговорност на сите институции во системот и на сите нивоа на власт, вклучувајќи го и Советот.

Со усвојувањето на Политиката за интегритет, Советот се обврзува на воспоставување на систем за интегритет; спроведување и поддршка на системот за интегритет; следење и известување за примената на системот за интегритет; и одговорност за придржувањето до и промовирањето на Политиката за интегритет на Советот.

Советот ги запознава со својата политика за интегритет и сметководителите, овластените сметководители, Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Северна Македонија, како и припадниците на приватниот сектор, останатите припадници на јавниот сектор, граѓанското општество и граѓаните барајќи од нив, како партнери во процесот, да ги почитуваат поставените вредности и стандарди во односите со државните органи и институции од јавниот сектор.

## II. Воспоставување на систем за интегритет

Системот за интегритет во Советот е воспоставен на начин за да овозможи државните органи и институции од јавниот сектор, вклучувајќи го и Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Северна Македонија, да работат и да ја извршуваат својата надлежност почитувајќи ги законите и во согласност со највисоките етички стандарди.

Системот за интегритет почива на следните елементи кои претставуваат своевидни стандарди за интегритет:

- Заштита на јавниот интерес и спречување на судирот на интереси;
- Почитување на етичкиот кодекс кој е релевантен за позицијата на службеното лице;
- Управување со човечките ресурси врз основа на систем на заслуги и квалификации;
- Наменско, рационално и ефикасно управување со јавните ресурси;
- Транспарентност и пристап до информации од јавен карактер;
- Заштитено пријавување од укажувачи; и
- Управување со квалитет.

## II.1 Заштита на јавниот интерес и спречување на судирот на интереси

Советот и неговите службени лица се обврзуваат дека во своето работење ќе му даваат приоритет на јавниот над приватниот интерес и дека ќе поттикнуваат и развиваат

организациска култура која не толерира судир на интереси и во која индивидуалната одговорност и личниот пример се основа за доброто управување.

За да се овозможи ефикасно управување со судирот на интереси во Советот спроведува постапка за јасна идентификација и декларирање на личните интереси; утврдува јасни правила за очекувањата од службените лица кога постои ризик од судир на интереси; обезбедува транспарентност во процесот на решавање на ситуациите во кои се појавува судир на интереси; и се развиваат механизми за следење на примената на правилата за спречување на судирот на интереси.

**II.2 Почитување на етичкиот кодекс кој е релевантен за позицијата на службеното лице**

Службените лица во Советот се должни да го почитуваат релевантниот етичкиот кодекс којшто е применлив за нивното работење, а чијашто цел е да се промовира професионалност, заштита на јавниот интерес, отчетност, одговорност, непристрасност, недискриминација и политичка неутралност.

Советот развива механизми кои овозможуваат доследно да се следи почитувањето на релевантниот етички кодекс којшто е применлив за службените лица во Советот. За областите за коишто е нагласено дека се подложни на корупција, како што се јавните набавки, Советот може да усвои и посебни кодекси за постапување.

**II.3 Управување со човечките ресурси врз основа на систем на заслуги и квалификации**

Интегритетот се промовира како дел од управувањето со човечки ресурси во Советот. Вработувањата се транспарентни по пат на јавен оглас, со однапред утврдени критериуми и со развиени политики кои овозможуваат вработувања и унапредувања врз основа на заслуги и квалификации и оневозможуваат партиски влијанија, непотизам и кронизам.

**II.4 Наменско, рационално и ефикасно управување со јавните ресурси**

Советот демонстрира отвореност, отчетност и инклузивност во дефинирањето на буџетските приходи и расходи, водени од целта да го задоволат јавниот интерес и континуирано да ги подобруваат услугите за сметководителите, овластените сметководители, Институтот на

сметководители и овластени сметководители на Република Северна Македонија, припадниците на приватниот сектор, останатите припадници во јавниот сектор, граѓанското општество и граѓаните.

**II.5 Транспарентност и пристап до информации од јавен карактер**

Советот обезбедува вистинити, соодветни, навремени и целосни информации на сметководителите, овластените сметководители, Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Северна Македонија, припадниците на приватниот сектор, останатите припадници во јавниот сектор, граѓанското општество и граѓаните, притоа почитувајќи го правото на приватност и заштитата на личните податоци.

Советот се стреми кон високо ниво на активна транспарентност, односно објавување на што е можно повеќе информации на својата веб-страница и демонстрира подготвеност неговото работење да биде ставено на јавен увид и контрола.

Службените лица во Советот не смеат да ги користат информациите со кои располагаат во вршењето на функциите, јавните овластувања и службените должности за остварување корист или предност за себе или за друг.

**II.6 Заштитено пријавување од укажувачи**

Овозможувањето на укажувачите да пријавуваат недозволиво или незаконито постапување, не стравувајќи од последици, претставува еден од столбовите за успешно спречување, откривање, истрага и санкционирање на ваквите постапувања со кои се загрозува работењето на Советот, Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Северна Македонија, овластените сметководители, сметководителите, припадниците на приватниот сектор, останатите припадници на јавниот сектор и граѓанското општество.

Советот усвојува процедури за заштитено внатрешно и надворешно пријавување и има назначено овластеното лице за прием на пријави од укажувачи. Со процедурата за заштитено внатрешно и надворешно пријавување и со овластеното лице за заштитено внатрешно и надворешно пријавување се запознаваат сите засегнати страни.

**II.7 Управување со квалитет**

Советот воспоставува систем на работење преку кој постојано се унапредуваат неговото работење и неговите процеси, за да се сведат на прифатливо ниско ниво ризиците и трошоците, а со цел подобрување на мотивираноста на службените лица во Советот и обезбедување следливост на вкупните резултати од работењето на Советот.

Унапредувањето и подобрувањето на квалитетот на работите и процесите на Советот се врши преку одговорно планирање, управување и реализација на активностите на Советот и промовирање на културата на извонредност на јавната администрација, со можност за прифаќање на Меѓународниот стандард ISO 9001, Заедничката рамка за процена – CAF и други стандарди за квалитет во јавниот сектор.

**III. Спроведување и поддршка на системот за интегритет**

За да се овозможи ефикасно спроведување на системот за интегритет, Советот е посветен на градење на капацитетите и поддршка на сите негови службени лица во процесот на исполнување на обврските кои произлегуваат од стандардите за интегритет, во насока на законито, независно, непристрасно, етичко, одговорно и транспарентно вршење на работните задачи.

Раководните структури во Советот се одговорни за воспоставување и спроведување на системот за интегритет, како и за нивна промоција преку своето лично однесување и со превземање мерки за колективно прифаќање на политиката за интегритет на Советот и придржување кон истата од страна на членовите и вработените во Советот.

Градењето на капацитетите се одвива преку редовна едукација на вработените во Советот за соодветна примена на стандардите за интегритет по пат на обуки, како и со овозможување на советување за сите дилеми кои можат да се јават кај службените лица во Советот во секојдневното работење.

За да се обезбеди ефикасно спроведување на системот за интегритет, Советот назначува лице за интегритет.

Советот ги идентификува ризиците од корупција и истите редовно ги проценува и следи. Соодветно на тоа се преземаат и мерки за надминување на ризиците кои го загрозуваат интегритетот на Советот како институција.

**IV. Следење и известување за примената на системот за интегритет**

Советот овозможува двостепен систем на следење на примената на системот за интегритет, на ниво на самата институција - Совет и од страна на надлежната институција - Државна комисија за спречување на корупцијата.

Целта на следењето на системот за интегритет во Советот е да се утврди ефикасноста на применетите политики и процедури кои овозможуваат доследна примена на стандардите за интегритет, како и за мерење на резултатите од применетите мерки за намалување на ризиците од корупција.

Процесот на следење и известување за примената на системот за интегритет го координира лицето за интегритет. Советот може да спроведува и внатрешни контроли за проверка на примената на стандардите за интегритет преку вклучување на функцијата на внатрешната ревизија.

Советот како институција се обврзува на соработка со Државната комисија за спречување на корупцијата, овозможувајќи ѝ да го следи спроведувањето на системот за интегритет. За таа цел Советот како институција се обврзува на точно, редовно и навремено информирање на Државната комисија за спречување на корупцијата за сите активности преземени во насока на примена на системот за интегритет, како и за спроведување на добиените насоки, препораки и укажувања од страна на Државната комисија за спречување на корупцијата во однос на обезбедувањето на интегритетот кај сметководителите, овластените сметководители, Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Северна Македонија, припадниците на приватниот сектор, останатитие припадници на јавниот сектор и граѓанското општество.

**V. Одговорност за придржувањето до и промовирањето на Политиката за интегритет на Советот**

Со усвојувањето на оваа Политика за интегритет на Советот, придржувањето до истата и нејзиното промовирање стануваат задолжителни за сите службени лица во Советот. Непридрувањето до оваа Политика за интегритет на Советот може да повлече одговорност за вработените во Советот и за членовите на Советот. Постапката за утврдување на одговорност заради непридружување до и промовирање на Политиката за интегритет на Советот ја покренува лицето за интегритет на Советот, до надлежните државни органи и институции и истата може да биде окончана со престанок на вршењето на функцијата член на Советот или престанок на работниот однос, доколку се утврди постоење на таква одговорност, во зависност од тежината на повредата на Политиката за интегритет на Советот.

**Бр. / Nr.** 02 - 30 / 1

**Датум / Data** 23.01.2026 **год. / vit**

**Претседател на Советот**

**м-р Дарко Дачевски**

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut

# СОВЕТ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ И НАДЗОР НАД СМЕТКОВОДСТВЕНАТА ПРОФЕСИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# KËSHILLI PËR AVANCIMIN DHE MBIKËQYRJEN E PROFESIONIT TË KONTABILITETIT TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

Врз основа на член 10 од Законот за вршење на сметководствени работи ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 173/22 и 47/25), Советот за унапредување и надзор над сметководствената професија на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Советот), на својата 1-ва седница одржана на 23.01.2026 година донесе

## ОДЛУКА
за усвојување на Политиката за интегритет на Советот за унапредување и надзор над сметководствената професија на Република Северна Македонија

### Член 1
Со оваа Одлука се усвојува Политиката за интегритет на Советот за унапредување и надзор над сметководствената професија на Република Северна Македонија со бр. 02-30/1 од 23.01.2026 година.

### Член 2
Се овластува Претседателот на Советот, усвоената Политика за интегритет на Советот од член 1 на оваа Одлука да ја достави до Државната комисија за спречување на корупцијата.

### Член 3
Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**Бр. / Nr.** 02-30/2

**Датум / Data** 23.01.2026 **год. / vit**

**Претседател на Советот**

**м-р Дарко Дачевски**

Ул. "Даме Груев" бр. 12, 1000 Скопје – Центар, Република Северна Македонија
Rr. "Dame Gruev" nr. 12, 1000 Shkup – Qendër, Republika e Maqedonisë së Veriut
Тел.: / Tel.:
www.sunsp.mk
Е-пошта: / Posta elektronike: president.sunsp@gmail.com